РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
Бр./Nr. 09-170/16
12.02 2026 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e Zhvillimit të Arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCES
Педагошка служба - Sherbimi Pedagogjik
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 19 -02- 2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njesia Org | Број: Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlerë: |
| 26-49/52 | | | |

До
Министерство за образование и наука
Педагошка служба

Предмет: Мислење за наставниот предмет учебник по Турски јазик за VIII одделение во основното образование
Врска: бр. 26-49/40 од 28.01.2026 година

Почитувани,
Бирото за развој на образованието го разгледа дописот со број. 26-49/40 од 28.01.2026 година со кој се бара мислење за наставниот предмет учебник со наставните програми по предметот Турски јазик за VIII одделение во основното образование.

Ракописот е доставен под шифра 9.

Мислењето за ракописот за учебникот Ви го доставуваме во прилог.

Со почит

ДИРЕКТОР
М-р Милка Тримчевска

Изработи: д-р. Мелек Нуредини, советник координатор на работната група
Конторлирал: м-р. Афродита Дафко, раководител на одделение
Одобри: Ајше Ајрулаи, раководител на сектор

1-70/16

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e Zhvillimit të Arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

# МИСЛЕЊЕ

Комисијата формирана од Бирото за развој на образованието го разгледа учебникот по предметот Турски јазик за VIII одделение во основното образование, доставен под шифра 9, со цел утврдување на неговата усогласеност со наставната програма.

При разгледувањето беа земени предвид резултатите од учењето, стандардите за оценување, предвидените содржини и поими, како и критериумите за научна заснованост, методолошка соодветност, употреба на стручна терминологија и усогласеност со возраста на учениците.

Комисијата утврди дека ракописот е составен во согласност со наставната програма, содржи соодветно избрани текстови и задачи кои овозможуваат развивање на јазични и комуникациски вештини, читање со разбирање и изразување мислење. Учебникот располага со соодветна дидактичко-методска апаратура и ја остварува својата воспитно-образовна функција.

Учебникот нуди можност за остварување на резултатите од учењето и стандардите за оценување. Тој е стилски воедначен и користи јазик соодветен на возраста на учениците, ги почитува индивидуалните разлики меѓу учениците и е усогласен со принципите на родова еднаквост.

Бирото дава позитивно мислење за учебникот по предметот Турски јазик за VIII одделение во основното образование. Констатира дека учебникот ја следи наставната програма и преку претставените содржини овозможува нејзина целосна реализација.

Изготвија:
- д-р Мелек Нуредини советник во БРО-координатор на работната група
- Онур Абди, советник во БРО - Член
- Сејхан Таравари, советник во БРО-Член.